**20222804038**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 13 став 1 од Законот за прометот на експлозивни материи („Службен лист на СФРЈ“ бр. 30/85, 6/89 и 53/91) кој согласно член 5 став 1 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91 и 4/92) е преземен како републички пропис и („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/93, 66/07, 86/08 и 148/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21), Министерството за внатрешни работи објавува

## ЛИСТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА ЕКСПЛОЗИВНИТЕ МАТЕРИИ ШТО МОЖАТ ДА СЕ ПУШТААТ ВО ПРОМЕТ

Во Листата на експлозивните материи што можат да се пуштаат во промет („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/98, 19/01, 46/04, 106/06, 208/15 и 104/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 56/19, 120/19, 231/19, 52/20, 42/21 и 140/21), во Дел I. „СТОПАНСКИ ЕКСПЛОЗИВИ“ во точката 69 точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка и се додаваат три нови точки 70, 71 и 72, кои гласат:

„70. Стопански водоотпорен експлозив RIOGEL TRONER XE, со класификација 1.1D UN 00241, производство на „S.C.MAXAM Romania S.R.L.“, со седиште во Брашов. Романија, ул. „Алеа Узинеи“ бр.8, Одобрение за пуштање во промет, под број 12.2-69257/2, на ден 16.11.2022 година;

71. Стопански водоотпорен експлозив RIOGEL TRONER HE, со класификација 1.1D UN 000241, производство на „S.C.MAXAM Romania S.R.L.“, со седиште во Брашов. Романија, ул. „Алеа Узинеи“ бр.8, Одобрение за пуштање во промет, под број 12.2-69257/2, на ден 16.11.2022 година;

72. Стопански анфо експлозив ANFOVEKS M, со класификација 1.1D UN 0082, производство на „MAXAM CE BULGARIA EAD“, со седиште во Габрово, 5300 к.в. „Чарково“, Република Бугарија, Одобрение за пуштање во промет, под број 12.2-69257/2, на ден 16.11.2022 година.“.

Бр.13.1.1-126184/1
19 декември 2022 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски**, с.р.